Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-539/4
01-11-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-539/1 од 26.7.2024 година поднесена од преку полн. адв. , против претседателката на Република Северна Македонија – Гордана Сиљановска Давкова, за извршена дискриминација врз основа на пол и политичка припадност во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на пол и политика припадност во областа на работата и работните односи сторена од страна на Гордана Сиљановска Давкова врз

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-539/1 од 26.7.2024 година, од страна на преку полномошник адвокат сторена дискриминација врз основа на пол и политичка припадност во областа на работата и работните односи, од страна на Гордана Сиљановска Давкова.

Согласно наводите од претставката, подносителот е поранешен директор на Агенцијата за разузнавање, при што во самата претставка наведува дека согласно Одлука за разрешување директор на наведената институција бр. 08-251/1 од 28.6.2024 година донесена од страна на претседателката на Република Северна Македонија (Службен весник на РСМ бр.135 од 28.6.2024 година), подносителот бил разрешен од функцијата директор на Агенцијата за разузнавање. Оттука, наведено е дека согласно Одлука за именување директор на Агенцијата за разузнавање бр. 08-253/1 од 28.6.2024 година, за директор на наведената институција било именувано лицето Подносителот ја оспорува вака донесената одлука, наведувајќи дека со истата тој е дискриминиран врз основа на неговиот пол и политичка припадност.

Во врска со содржината на одлуката за именување на нова директорка на Агенцијата за разузнавање, во претставката за заштита од дискриминација е наведено дека ваквата одлука не содржи никакво образложение од кое би можело да се утврди дека подносителот на претставката „наводно нестручно и несовесно ја извршувал функцијата директор и во што се состои наводно нестручното и несовесното извршување на функцијата.", притоа, повикувајќи се на член 6 став 3 алинеја 2 од Законот за Агенцијата за разузнавање, согласно кој „Основи за разрешување на директорот пред истекот на мандатот се: - ако нестручно или несовесно ја извршува фукнцијата". Во продолжение на ова, цитиран е став 3 од наведениот член во кој е предвидено под кои услови директорот на Агенцијата за разузнавање може да биде разрешен пред истекот на својот мандат, при што во претставката е истакнато дека исполнетоста на секој од наведените услови е потребно да биде докажана, а на претпоставена, при што се наведува дека во случајот на подносителот, отсуствуваат образложени причини и докази за исполнетост на предвидените услови, при што подносителот смета дека станува збор за произволно донесена одлука.

Во однос на вака донесената одлука од страна на претседателката на Република Северна Македонија, во претставката е истакнато дека таа, од моментот на стапување на функција до моментот да донесување на оспорената одлука, остварила средби со Гувернерот на НБРСМ, началникот на генералштабот на Армијата, при што не била остварена средба со подносителот на претставката во периодот кога тој сè уште ја извршувал функцијата директор на Агенцијата за разузнавање. Во прилог на наведеното се доставена и следната документација:

- Објава на веб-страната на претседателката насловена „Претседателката Сиљановска Давкова ја прими гувернерката на Народната Банка, Анита Ангеловска-Бежоска";
- Објава на Facebook страната на претседателката насловена како „Средба со гувернерката на Народна банка на Република Северна Македонија, Анита Ангеловска-Бежовска";
- Објава на веб-страната на претседателката насловена како „Средба со началникот на генералштабот на Армијата, генерал-потполковник ";
- Објава на Facebook страната на претседателката насловена како „Средба со началникот н генералштабот на Армијата, генерал-потполковник

Оттука, во претставката е наведено дека претходно доставените податоци и информации кои се достапни од средствата за јавно информирање индицираат дека претседателката Гордана Сиљановска Давкова се раководела од политички мотиви. Во прилог на ова, наведено е дека почнувајќи од 2019 година, сè до одлуката за разрешување на подносителот на претставката за заштита од дискриминација, подносителот и други вработени во Агенцијата за разузнавање биле изложени на медиумски притисок изразен преку „пласирање лажни вести, дезинформации, клевети и обвинувања. Тоа беше правено преку прес-конференции на политичка партија, индивидуални изјави на претставници на политичката партија, текстови во портали и објави на лажни профили на социјалните мрежи." Оттука, во претставката е наведено дека дел од овие тези биле користени од страна на претседателката Сиљановска Давкова во нејзината предизборна кампања, за што во претставката се тврди дека наведеното е направено со цел да се оправда одлуката за разрешување на подносителот. Во однос на наведените политички мотиви за разрешување, во претставката е истакнато дека посебно индикативни се најавите дека по претседателските избори ќе има промени во Агенцијата за разузнавање и ќе се врши ревизија на работата, дополнително наведувајќи дека: „Во овие случаи, лицата што настапуваат во име на политичката партија најавуваат кадровски смени и идни активности на ново раководство, иако според Законот за Агенцијата за разузнавање немаат надлежности во именувањето и разрешувањето, кои се под ингеренции на Претседателот".

Во однос на наведениот дискриминаторски основ – пол, во претставката за заштита од дискриминација е наведено дека истиот може да се утврди од јавно дадените изјави од страна на претседателката, цитирајќи ја нејзината изјава од интервју во Канал 5 телевизија во емисијата „Само интервју", која гласи: „треба да внимаваме на застапеноста на жените на највисоките функции.. и еве во еден орган кајшто има фама дека има многу моќ јас ставив две жени.... Она во што јас верувам и што го направив е две жени, еве кажувам јавно. И ако све ние секогаш велиме дека треба да пазиме на етничката застапеност, еве јас кажувам дека треба да внимаваме и на застапеност на жените... Јас реков ќе бидам субверзивна...."

Во продолжение на претставката наведено е дека во однос на одлуките кои ги оспорува, подносителот на претставката има поведено и постапка пред Управен суд каде со поднесената тужба се бара нивно поништување. Дополнително на ова, наведено е дека подносителот ќе поведе постапка за извршената дискриминација и пред Уставниот суд на Република Северна Македонија.

Во прилог на претставката, покрај погоре наведената, беше доставена следната документација:

- Одлука за разрешување на директор на Агенцијата за разузнавање бр. 08-251/1 од 28.6.2024 година;
- Одлука за именување на директор на Агенцијата за разузнавање бр. 08-253.1 од 28.6.2024 година;
- Полномошно;
- Панел дискусија на тема „Претседател на народот, заштитник на суверенoста, Уставот и законите", достапно на: https://www.youtube.com/live/5vmyvHZDIY0;
- „Само интервју" со Гордана Сиљановска Давкова 04.07.2024 1 дел, достапно на: https://www.youtube.com/watch?v=J0hl_nyqJQI;
- „Само интервју" со Гордана Сиљановска Давкова 04.07.2024 2 дел, достапно на: https://www.youtube.com/watch?v=x1HLfnCR_0k&t=1689s;
- Објава на веб страната на Агенцијата за разузнавање насловена како „Агенцијата за разузнавање ги демантира изнесените невистини од страна на потпретседателот на ВМРО-ДПМНЕ на трибина пред Конвенцијата на ВМРО-ДПМНЕ", достапна на: https://ia.gov.mk/news/MK/47.html.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 13.8.2024 година испрати Известување бр. 08-539/2 за произнесување по наводите од претставката до претседателката на Република Северна Македонија – Гордана Сиљановска Давкова.

На ден 4.9.2024 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на Гордана Сиљановска Давкова како одговор на претставката заведено под арх. бр. 08-539/3.

Во произнесувањето, целосно се отфрлаат наводите за сторена дискриминација врз подносителот при што во продолжение на истата се образложени законските надлежности на претседателот на Република Северна Македонија. Оттука, во поднесокот за произнесување, претседателката се повикува на член 84 алинеја 7 од Уставот (Службен весник број 6/2019), согласно кој: *„Претседателот на Република Северна Македонија именува и разрешува и други носители на државни и јавни функции утврдени со Уставот и со закон."*. Дополнително, согласно член 5 став 1 од Законот за Агенцијата за разузнавање, *„Со Агенцијата раководи директор кој го именува и разрешува претседателот на Република Северна Македонија."*

Во произнесувањето по наводите од претставката, образложено е дека при нејзиното разгледување треба да се има во предвид фактот дека станува збор за Агенција за разузнавање, чија цел е заштита на националната безбедност на државата, економските и политичките интереси на државата, независноста, суверенитетот, уставното уредување, основните слободи и права на човекот и граѓанинот, загарантирани со Уставот, но и дека Агенцијата собира разузнавачки информации со закани и ризици од странство. Во врска со ова, наведено е дека Агенцијата во целост, раководството на истата и нејзините вработени извршуваат активности од посебна природа и во специфични услови. Оттука, наведено е дека тие се предмет на интерес не само на домашни субјекти, туку и на странски држави и служби. Следствено на ова, во произнесувањето се наведува дека Агенцијата за разузнавање е дел од безбедносниот апарат во државата и истата претставува клучна алатка за заштитата на националната безбедност.

Во врска со претходно наведеното, претседателката Гордана Сиљановска Давкова наведува дека со донесената Одлука бр. 08-253/1 постапила согласно нејзините уставни надлежности да разрешува и именува носител на државна функција, при што во конкретниот случај, имајќи

предвид дека директорот на Агенцијата за разузнавање за својата работа и работата на Агенцијата му одговара на претседателот, поради што во воведот на погоре цитираната одлука, претседателката се повикува на член 6 став 3 алинеја 2 како основ за разрешување на директорот поради нестручно и несовесно вршење на функцијата. Притоа, согласно посочените законски одредби, во произнесувањето е истакнато дека претседателот е единствен надлежен орган пред кого одговара директорот на Агенцијата за разузнавање, како и единствен орган кој утврдува нестручно и несовесно работење на директорот, следствено на што е донесена предметната одлука за разрешување, која претставува еманација на уставните права и обврски на претседателот кои се поврзани со надлежностите на Агенцијата за разузнавање. Оттука, наведено е дека и самиот законодавец бил свесен за специфичноста за природата на занимањето и активностите на Агенцијата и вработените, поради што во Законот за Агенцијата за разузнавање се пропишани строги услови за тоа кои лица можат да бидат именувани како директор на истата, при што именувањето и разрешувањето се оставени во надлежност на претседателот на државата, без да биде пропишана посебна постапка за избор или разрешување.

Во продолжение на ова, во произнесувањето е наведено дека со претходно наведеното се потврдува начинот и моментот на именувањето на подносителот на претставката за директор на Агенцијата за разузнавање а 22 мај 2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 103/2019), со што претходниот директор бил разрешен со Одлука на Претседателот на Републиката, иако бил именуван на 27 март 2017 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 38/2017) и неговата функција прекинала пред истекот на мандатот. Притоа, во произнесувањето е истакнато дека посочените одлуки немаат конкретно образложение, исто како и одлуката која ја оспорува подносителот на претставката за заштита од дискриминација, поради што е наведено дека согласно претходно наведеното, обезбедена е еднаква, непристрасна и објективна примена на законските одредби.

Претседателката Гордана Сиљановска Давкова во однос на основот за разрешување, во поднесокот за произнесување упатува на точка 13 од образложението на Одлука бр. 12-233/13 од 13.10.2020 година на Државната комисија за спречување на корупцијата, каде е констатирано дека во конкретниот случај, постапувањето на Агенцијата за разузнавање било спротивно на членот 19 став 2 од Законот за Агенцијата за разузнавање („Службен весник на Република Македонија" број 19/1995).

Во однос на наводите за политичка дискриминација врз подносителот, во произнесувањето е наведено дека станува збор за колективна, а не индивидуална одговорност на претседателката на државата, при што ги негира наводите дека има дадено изјава која може да се третира како политичка дискриминација. Во врска со наводите од претставката за заштита од дискриминација дека претседателката остварила комуникација со Гувернерката на Народната банка и генералот својство на Началник на Генералштабот, во произнесувањето е наведено дека ваквото постапување на претседателката укажува на непристрасно вршење на функцијата на претседател. Во продолжение на ова, во произнесувањето е наведено дека подносителот на претставката за заштита од дискриминација не побарал средба со претседателката и не доставил извештај за својата работа, при што за разлика од него, погоре наведените лица побарале средба, биле примени и ја информирале претседателката за својата работа и предизвиците со кои тие се соочуваат.

Во продолжение на ова, истакнато е дека во наводите од претставката за заштита од дискриминација неосновано е наведено дека остварените средби со Гувернерката на Народната банка и генералот , во својство на Началник на Генералштабот се потврда за дискриминација врз политичка припадност на подносителот на претставата. Дополнително на

ова, во произнесувањето се повикува и на интервју на подносителот на претставката како Директор на Агенцијата за разузнавање од 3.6.2019 година, каде тој изјавил дека не е и никогаш не бил член на политичка партија, врз основа на што во произнесувањето е наведено дека ваквото тврдење докажува дека не може да станува збор за сторена дискриминација врз основа на политичка припадност.

Во однос на наводите за сторена дискриминација врз основа на полот на подносителот, во произнесувањето целосно се отфрлаат ваквите наводи како неосновани, истакнувајќи дека во конкретниот случај со Одлуките за изменување на директорка или заменик директорка на Агенцијата за разузнавање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 135/2024), кон подносителот на претставката не се постапило и не можело да е постапи понеповолно во однос на именуваните лица затоа што не се работи за споредлива или слична ситуација. Притоа, дополнително е образложено дека станува збор за две различни фактички и правни ситуации, при што во ситуацијата на подносителот, наведено е дека тој е разрешен поради нестручно и несовесно вршење на функцијата, додека во другата ситуација именувањето е извршено согласно законските услови кои лицето ги исполнувало и на никој начин не е поврзано со подносителот на претставката за заштита од дискриминација. Оттука, во произнесувањето е наведено дека со вака донесената одлука за разрешување на подносителот и одлуката за именување на нова директорка на Агенцијата за разузнавање, не било извршено ограничување на правата, ниту пак било дадено првенство на други лице преку нееднакво постапување спрема подносителот, поради што се тврди дека не е извршена дискриминација врз основа на полот и политичката припадност на подносителот на претставката за заштита од дискриминација.

Во продолжение на ова, како одговор на наводите за сторена дискриминација врз основа на пол, во произнесувањето претседателката Гордана Сиљановска Давкова се повикува на строгите критериуми во Законот за именување на директор на Агенцијата за разузнавање кои не дозволуваат дискреционо постапување. Дополнително на ова, образложено е дека именувањето на жена која во целост ги исполнува потребните услови за именување за директор е поврзано со мандат, што значи дека истото има ограничено временско траење и се постигнува фактичка еднаквост на жените. Притоа, се образложува дека ваквото постапување е оправдано и објективно поради тоа што од формирањето на Агенцијата за разузнавање во 1995 година, и покрај постоењето на жени кои ги исполнуваат условите да раководат со Агенцијата, истото не им било овозможено. Следствено на ваквата одлука за именување на нова директорка на Агенцијата, претседателката Гордана Сиљановска Давкова тврди дека со истата се отстранува нееднаквото уживање на правата на оваа категорија граѓани, а особено правото од членот 23 од Уставот на Република Северна Македонија, согласно кој „Секој граѓанин има право да учествува во вршењето на јавните функции."

Во однос на наводите за исполнетост на законската дефиниција за вознемирување од член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, во произнесувањето истите се отфрлаат како неосновани со образложение дека донесената одлука за разрешување нема и не може да има за цел и последица повреда на достоинството и создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика затоа што претседателката постапила согласно своите уставни и законски надлежности при констатираното нестручно и несовесно извршување на функцијата согласно претходно воспоставената пракса, дополнително повикувајќи се на фактот дека подносителот на претставката за заштита од дискриминација не презентирал факти и докази кои би потврдиле дека настанале посочените последици.

Земајќи ги предвид наводите во претставката, произнесувањето по истата, како и прибавените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на претседателката на Република Северна Македонија Гордана Сиљановска Давкова врз поранешниот директор на Агенцијата за разузнавање согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Комисијата утврди дека во конкретниот случај не станува збор за дискриминација врз основ на полот и политичката припадност на подносителот на претставката, имајќи ги во предвид доказите и фактите доставени во прилог на претставката за заштита од дискриминација. Оттука, ценејќи го фактот дека Гордана Сиљановска Давкова како претседателка на Република Северна Македонија при носењето на Одлуката за разрешување директор на Агенцијата за разузнавање бр. 08-251/1 од 28.6.2024 година и Одлуката за именување на директор на Агенцијата за разузнавање бр. 08-253/1 од 28.6.2024 година, истите биле донесени согласно член 5 став 1 од Законот за Агенцијата за разузнавање кој гласи:

*„Со Агенцијата раководи директор кој го именува и разрешува претседателот на Република Северна Македонија."*

Дополнително на ова, подносителот на претставката за заштита од дискриминација не воспоставил каузална врска помеѓу неговата политичка припадност или пак неговиот пол како причина за неговото разрешување со одлука од страна на претседателката Гордана Сиљановска Давкова, при што предметната одлука е донесена согласно уставно и законски уреденото право на претседателката да го именува и разрешување директорот на Агенцијата за разузнавање. Следствено на ова, во конкретниот случај, Комисијата утврди дека не е направено разликување во третманот и постапувањето кон подносителот на претставката за заштита од дискриминација како поранешен директор на Агенцијата за разузнавање врз некоја од наведените дискриминаторски основи.

Оттука, имајќи ја предвид законската дефиниција за дискриминација уредена во член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата не пронајде дека била сторена дискриминација врз основ на пол и политичка припадност во областа на работата и работните односи од страна на Гордана Сиљановска Давкова врз

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Скопје
31.10.2024

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Беззароски

Доставено до:

- Полн.
- Гордана Сиљановска Давкова, К[illegible] на претседателката на РСМ, Вила „Водно", ул. „Ацо Караманов" бр. 33А, 1000 Скопје